**ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП**

**Јавен повик**

**за доставување на понуда за снабдување и продажба на електрична енергија**

Согласно Законот за енергетика на Р. Македонија и Акциониот план на регулаторна комисија за енергетика имаме потреба да избереме најповолен добавувач и купувач на електрична енергија со кој ќе склучиме договори за период од 01.06.2024г до 31.05.2025г. (една година).

**1. Купувач**
Тутунски комбинат АД Прилеп

**2. Предмет и обем на набавка**
2.1.Предмет на набавката е снабдување со електрична енергија наизменична со стабилизиран електричен напон со 10KV до трафостаницата од Тутунски комбинат АД Прилеп, Тутунски комбинат АД Прилеп - Погон ТУТУН и Тутунски комбинат АД Прилеп - Погон ЦИГАРИ за период од 01.06.2024 -31.05.2025г.
2.2. Приближна годишна потрошувачка на електрична енергија
Тутунски комбинат АД Прилеп -Погон ТУТУН .......1300MWH
Тутунски комбинат АД Прилеп -Погон ЦИГАРИ ... 2000 MWH
2.3. Предмет на продажба е вишокот на произведена електрична енергија од фотонапонската централа "Цигарна фабрика-Прилеп"

**3. Содржина на понудата**
3.1 Заедно со понудата секој понудувач задолжително доставува:
- лиценца за снабдување со електрична енергија издадена од надлежен орган
- EIC код издаден од АД Мепсо – Скопје,
- Изјава на понудувачот дека ја прифаќа обврската за планирање и балансирање
- Докази за техничка и професионална способност на понудувачот-од регулаторна комисија за енергетика на Р. Македонија
- Изјава на понудувачот дека за време на договорниот однос со купувачот ќе ја почитува законската регулатива на НБРМ ( во делот на управување со ризици)
3.2 Заедно со понудата секој понудувач задолжително доставува и:
- Тековна состојба од операторот не постара од 5 дена од денот на објавување на јавниот повик
- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што понудувачот е регистриран не постара од 6 месеци,
- Изјава на понудувачот дека во последните пет години не му била изречена поравосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари, привремена или трајна забрана за вршење дејност и забрана за учество на постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство,
- Изјава за сериозност на понудувачот – економски оператор или банкарска гаранција во износ од 5% од вредноста на понудата или депозит на сметката на Тутунски комбинат во износ од 5% од износот на понудата
- Изјава од снабдувачот за согласност со Драфт договорите кои ќе им бидат доставени на увид по нивно барање или на страната www.tkprilep.com.mk
Документите се доставуваат во оригинал или копија со потпис и печат "Верно на оригиналот".

Ако купувачот се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

3.3 Податоци за цената и начинот на плаќање
- Цената да биде изразена во денари,
- Opcija 1: fiksna cena (niska, visoka i sredna тарифа) МКД/kWh
- Opcija 2: HUPX(h) + фиксна надокнада изразена во МКД/MWh
- Начин на плаќање,
- Рок на важност на понудата,

**4. Доставување на понудите**
4.1 Понудата заедно со останатата документација да се достави во еден оригинален примерок потпишан од одговорно лице .
4.2 Понудата да се достави во затворен плик по пошта или преку Архивата на Тутунски комбинат АД Прилеп ул. Прилепски Бранители бр.85 , Прилеп.
4.3.На средина на пликот да стои името и адресата на набавувачот Тутунски комбинат АД Прилеп, а во горниот лев агол да стои назнаката "НЕ ОТВОРАЈ ПОНУДА – Е.Е ".
4.4 Пликото не треба да содржи било какви ознаки со кои би можел да се идентификува понудувачот, во спротивно нема да биде земен во предвид.
4.5.Понудите да се доставаат најкасно до 26.04.2024г. до 11,00часот во архивата на Тутунски Комбинат АД Прилеп на адреса ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп.

**5. Критериуми за избор на најповолен понудувач:**
5.1 Цена

**6. Отворање на понудите**
Отварањето на понудите ќе биде јавно, во 11,00ч. во просториите на ТКП АД Прилеп, на 26.04.2024г
Изборот на најповолна понуда ќе се изврши при самото отварање на понудите со усно јавно наддавање, а почетна цена ќе биде најповолната цена од затворените понуди кои ги исполнуваат условите.
Потребно е застапникот на пријавената компанија да има заверено полномошно на нотар со наведено овластување за учество на јавно отварање на понудите и заверено полномошно на нотар со наведено овластување за учество на јавното наддавање за снабдување и продажба на електрична енергија.
За дополнителни информации понудувачите можат да се обратат во Тутунски Комбинат АД Прилеп. Лице за контакт: Александар Бозароски тел. 075/451 954
е-маил: a.bozaroski@tkprilep.com.mk

**ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП**